*Јавно претпријатие „ПАРК – СПОРТ И ПАРКИНЗИ “*
*Велес*

ПАРК - СПОРТ ВЕЛЕС

*ул. Алексо Демниевски бр.10, 1400 Велес*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 12-06-2026
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 - | 2738/1 | | |

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 год.
Потпис,

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 09-1061/3
11 06 2026 год.
ВЕЛЕС

До *г-дин Даниел Јаневски*

Претседател на Совет на Општина Велес

**ПРЕДМЕТ:** *Барање,*

*Почитуван г-дин Јаневски,*

Согласно одредбите на Статутот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, како и Законот за локална самоуправа и Законот за јавни претпријатија, во прилог Ви ги доставуваме на усвојување и давање согласност на:

1. Одлука за измена и дополнување на Програма за измена и дополнување на Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес, со Програма за измена и дополнување на Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година.

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- Архива на ЈП

**ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**
**ВД Директор,**
Златко Стојковски

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 09-1061/1
11.06.2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа член 39 од Статутот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, Управниот одбор на претпријатието на својата седница одржана на ден 11.06.2026 година, донесе

**_ОДЛУКА_**

**За измена и дополнување на Програма за измена и дополнување на Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“Велес**

Член 1

Се усвојува одлука за се врши измена и дополнување на Програма за измена и дополнување на Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“Велес .

Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното усвојување, а ќе се применува по добиовање на согласност од основачот.

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- Архива

**Управен одбор на**
**ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“**
**Велес**
**Претседател,**
Мартин Ефремов

Јавно претпријатие ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ ВЕЛЕС

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 08-105/2
12.06.26

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 39 од Статутот на ЈП,,Парк Спорт и Паркинзи"Велес, Управниот Одбор на ЈП,,Парк Спорт и Паркинзи" Велес на седница одржана на ден 11. 06.2026 година, ја донесе следната:

## Програма за измена и дополнување на Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи"Велес

1. Во Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи"Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.3/26) се вршат следните измени и дополнувања:

**-„Глава IX АКТИВАЦИЈА НА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО ВЕЛЕС**

Покрај дејноста „спорт" ЈП има дополнета дејност и „Паркинзи" што му дава можност за управување со паркинг просторот во Велес. Ова засега е во најава, но за периодот за започнување потребна е детална анализа со Администрацијата на Општина Велес", **се брише и гласи**:

**-„Глава IX АКТИВАЦИЈА НА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО ВЕЛЕС**

Јавното претпријатие „Парк-Спорт и Паркинзи" Велес согласно Статутот на претпријатието покрај дејноста „спортски и други рекреативни активности" може да врши и дејност „одржување и користење на јавниот простор за паркирање„ во која исто така спаѓаат и дејностите на отстранување и чување на хаварисани возила, одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација на јавните површини и патиштата од локално значење, како и останати придружни дејности во превозот.
Согласно овие дејности и Одлуката за јавни паркиралишта од значење за Општина Велес донесена од Советот на Општина Велес бр.25-2869/4 од 12.06.2018 година, изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта кои се од локално значење и јавен интерес за Општина Велес, ги врши јавното претпријатие во соработка со Општина Велес, во согласност со закон и оваа одлука.
Заради започнување со вршење на дејноста -„одржување и користење на јавниот простор за паркирање, како и останати придружни дејности во превозот-", претпријатието ќе изврши детална анализа на условите за започнување со зонско паркирање во Општина Велес, во соработка со општинската администрација на Општина Велес.

**Управен Одбор на ЈП ,,Парк Спорт и Паркинзи,,**
**Велес, Претседател**
Мартин Ефремов

Јавно претпријатие ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ ВЕЛЕС

**Образложение**

Во Годишната програма за работа со финансиски план за 2026 година на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи"Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.3/26), на ЈП,,Парк Спорт и Паркинзи,, Велес, во која се дадени основните цели на претпријатието како и планот за работа во 2026 година, се најде за потребно да се измени глава Глава IX која се однесува на активација на зонското паркирање во Велес и во истата да се прецизира дејноста на претпријатието во однос на одржување и користење на јавниот простор за паркирање и регулирање на сообраќајниот режим на територијата на Општина Велес за 2026 година, во рамките на неговата надлежност.
Согласно Одлуката за јавни паркиралишта од значење за Општина Велес донесена од Советот на Општина Велес бр.25-2869/4 од 12.06.2018 година и Статутот на јавното претпријатие, изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта кои се од локално значење и јавен интерес за Општина Велес, ги врши јавното претпријатие во соработка со Општина Велес.
Заради вршење на оваа дејност, јавното претпријатие во соработка со општинската администрација на Општина Велес, ќе изврши детална анализа за можностите и условите за започнување со зонско паркирање во Општина Велес, поставување и одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација на јавните површини и патиштата од локално значење односно обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режим на територијата на Општина Велес за 2026 година.